1030 2
Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ[БЕН ЛИСТ]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 26 март 1982
БЕЛГРАД
БРОЈ 15 ГОД. XXXVIII

Цена на овој број е 16 динари. — Аконтацијата на претплатата за 1982 година изнесува 1.000 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**181.**

Врз основа на член 19 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1982 година („Службен лист на СФРЈ“, број 72/81), Комисијата на Собранието на СФРЈ за станбени прашања, на седницата од 15 март 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА ИЗДВОЕНИ НА ПОСЕБНА СМЕТКА НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Средствата од придонесот за станбена изградба, пресметани и уплатени од личните доходи и од доходите на делегатите и функционерите, односно на раководните работници, избирани или именувани, односно назначени во Собранието на СФРЈ, издвоени на посебна сметка на Собранието на СФРЈ (во натамошниот текст: средствата од придонесот), можат да се користат за изградба на станови, кредитирање на станбената изградба и адаптација и реконструкција на станови заради решавање на станбените потреби на делегатите и функционерите, односно на раководните работници во Собранието на СФРЈ.

2. Средствата од придонесот ќе се користат за изградба на станови, за кредитирање на станбената изградба и за адаптација и реконструкција на станови.

Одлуката за одобрување средства од придонесот за намените од став 1 на оваа точка врз основа на барањето на корисникот, ја донесува Комисијата, во согласност со критериумите утврдени со Одлуката за условите и начинот на доделување станови за потребите на функционерите во Собранието на СФРЈ, на раководните работници и на работниците во службите на Собранието на СФРЈ и за потребите на функционерите во определени сојузни органи и организации.

3. Средствата од придонесот за изградба на станови ќе се користат во согласност со програмата за набавка на станбени згради, станови и гаражи за потребите на Собранието на СФРЈ.

Станбените згради, становите и гаражите за потребите на Собранието на СФРЈ се прибавуваат врз основа на договори што, во согласност со оваа одлука ги склучува Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и на функционерите на сојузните органи.

4. Средства од придонесот за кредитирање на станбената изградба можат да се одобруваат за купување, изградба, доградба или адаптација на семејна станбена зграда или стан во сопственост.

Средствата од придонесот за намените од став 1 на оваа точка можат да се одобруваат само за задоволување на станбените потреби на корисниците со задолжително учество на лични средства на корисниците од најмалку 25% од вредноста на кредитот, со рок на отплата што не може да биде подолг од 20 години и со каматна стапка од најмалку 3%.

Договорот за кредит го склучаваат, врз основа на одлуката на Комисијата, генералниот секретар на Собранието на СФРЈ и корисникот на кредитот.

5. Средствата од придонесот за адаптација и реконструкција на становите во општествена сопственост можат да се одобруваат особено:

— за преградување на станот заради добивање поголем број станбени простории во станот;

— за измена на намената на станбените простории во станот заради подобрување на функционалноста и квалитетот на домувањето;

— за замена на дотраените инсталации и опрема вградени во станот заради подобрување на условите за домување.

Одлуката за одбрување средства од придонесот за намените од став 1 на оваа точка ја донесува Комисијата врз основа на барањето на корисникот, според претходно прибавеното мислење од Стручната служба на соодветната интересна заедница за станбена изградба.

6. Корисникот на кредитот, односно на средствата за адаптација и реконструкција на станот е должен, кон барањето што го поднесува до Комисијата, да ја приложи потребната техничка и друга документација.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 36-23/82-019
15 март 1982 година
Белград

**Комисија на Собранието на СФРЈ за станбени прашања**

Претседател,
**Мугбил Бејзат,** с. р.

**182.**

Врз основа на член 193 став 3 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/77), врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, на предлог од Народната банка на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА НАЈМАЛИОТ ИЗНОС НА ТЕКОВНИТЕ ДЕВИЗНИ РЕЗЕРВИ НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1982 ГОДИНА

1. Најмалиот износ на тековните девизни резерви на Југославија за 1982 година се утврдува во износ од 77.330,000.000 динари.

2. Тековните девизни резерви од точка 1 на оваа одлука ги сочинуваат:

1) побарувањата на Народната банка на Југославија во конвертибилни девизи што се наоѓаат на сметки во странство, освен делот од тие побарувања што ги сочинуваат другите девизни резерви;

2) побарувањата на банките овластени за вршење на платен промет и на кредитни работи со странство во конвертибилни девизи, што се наоѓаат на сметки во странство;

3) ефективните странски пари и чекови во касите на Народната банка на Југославија и на овластените банки.

3. Народната банка на Југославија, дел од тековните девизни резерви од точка 2 одредба под 1 на оваа одлука ќе ги пласира во странство, водејќи притоа сметка, со ангажирањето на тие средства од масата на тековните девизни резерви да не се загрозува извршувањето на обврските од член 190 став 4 и член 191 на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

Банките овлсатени за вршење на работи на платен промет и на кредитни работи со странство можат дел од тековните девизни резерви од точка 2 одредба под 2 на оваа одлука, да користат за давање во депозит согласно со Одлуката за условите под кои банките овластени за работи со странство можат средствата на сметките во странство да ги даваат во депозит („Службен лист на СФРЈ“, бр. 5/78 и 34/81).

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 85
18 март 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Звоне Драган,** с. р.

---

**183.**

Врз основа на член 43 став 1, во врска со член 15 и чл. 26 до 28 од Законот за обезбедување на плаќањето помеѓу корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ“, бр. 60/75, 13/76 и 22/78), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИКВИДНИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ПОТЕНЦИЈАЛ НА БАНКАТА И НА УСЛОВИТЕ ЗА ДАВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ДАВАЊЕ ГАРАНЦИЈА

1. Во Одлуката за утврдување на ликвидниот инвестиционен потенцијал на банката и на условите за давање овластување за давање гаранција („Службен лист на СФРЈ“, бр. 5/76, 34/78, 16/79 и 62/80) во Образецот ЛИП — Ликвиден инвестиционен потенцијал за 19——— година, што е составен дел на таа одлука, во реден број 3 во колоната 2 во називот на позицијата по зборот: „средства“ се додаваат зборовите: „во делот што може да се користи за долгорочни пласмани“.

2. Точка 9 се менува и гласи:

„9. Корисникот на општествени средства кој нема ненамирени втасани обврски, евидентирани кај Службата на општественото книговодство, може да даде овластување за давање гаранција најмногу до следните износи, и тоа:

1) корисникот на општествени средства од областа на стопанството — до износот на расположивите средства за инвестиции, зголемени за износот на амортизацијата по претсметката за текуштата година и за износот на пласманите што втасуваат за наплата во текуштата година, а намалени за обврските што втасуваат во текуштата година: за инвестиции во основни средства; за долгорочни пласмани; за краткорочни пласмани и за отплата на долгорочни и на краткорочни кредити;

2) корисникот на општествени средства, освен корисникот на општествени средства од одредбата под 1 на овој став — до износот на непотрошените средства за инвестиции зголемени за износот на средствата за инвестиции по претсметката за периодот од денот на утврдувањето на расположивите средства за инвестиции до крајот на годината од приходите утврдени со закон.

Корисникот на општествени средства од областа на стопанството го утврдува износот на расположивите средства за инвестиции врз основа на податоците од завршната сметка за претходната година, односно од почетниот биланс во случај на статусните промени искажани во Образецот Биланс на состојбата на ден ————— 19—— година, што е составен дел на Уредбата за контниот план и за билансите за организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/81 и 34/81).

Износот на расположивите средства за инвестиции до кој можат да се даваат овластувања за давање на гаранции, утврден по одредбите на став 1 одредба под 1 и на став 2 на оваа точка, корисникот на општествени средства од областа на стопанството го искажува на Образецот ИО — Износ до кој можат да се даваат овластувања за давање гаранции за периодот од ————— до ————— 19—— година, што е отпечатен кон оваа одлука и сочинува нејзин составен дел.

Корисникот на општествени средства, освен корисникот на општествени средства од став 2 на оваа одлука, го утврдува износот на слободните средства за инвестиции според состојбата на последниот ден во месецот што му претходи на месецот во кој се дава овластувањето за давање гаранција, со тоа што во колоната 3 од Образецот ИО се внесуваат соодветните конта, односно групи на конта од контниот план по кој се води книгодството, а според називот на позициите од колоната 2 на тој образец.

Ако состојбата на изворите на средства и состојбата на средствата битно се изменила во однос на состојбата искажана во завршната сметка, односно во почетниот биланс, корисникот на општествени средства од областа на стопанството може да го утврди износот на расположивите средства за инвестиции според состојбата искажана во книговодството на последниот ден во месецот што му претходи на утврдувањето на тој износ.“

3. Образецот ИО — Износ до кој можат да се даваат овластувања за давање гаранции се менува и гласи:

„Образец ИО

ОСНОВНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД ——————————

ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕН ТРУД ——————————

Износ до кој можат да се даваат овластувања за давање гаранции ——————————.

За периодот од —————— до —————— 19—— година

| Реден број | Позиција | Број на контото, односно на групата конта | Износ во динари |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | I. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА | | |
| 1 | Трајни извори на деловни средства | 90 | |
| 2 | Долгорочна здружени и вложени средства | 266, 267 и 91 | |
| 3 | Долгорочни кредити | 92, 263 и 272 | |
| 4 | Краткорочни кредити | 93, 262, 264 и 271 | |
| 5 | Краткорочно здружени и вложени средства | 94 и 265 | |
| 6 | Фонд за унапредување на материјалната основа на трудот | 965 | |
| 7 | Разграничени курсни разлики по основа на побарувања за долгорочни пласмани во странска валута | дел на контото 293 минус дел на контото 193 | |
| 8 | Вкупно (ред. бр. 1 до 7) | | |
| | II. СРЕДСТВА | | |
| 9 | Основни средства во употреба според сегашната вредност | 00 минус 02 | |
| 10 | Основни средства во подготовка | 01 | |
| 11 | Трајно неупотребливи основни средства | 090 минус 091 | |
| 12 | Запрени инвестиции | 092 | |
| 13 | Сомнителни и спорни побарувања | 093 минус 094 | |
| 14 | Непокриена и покриена загуба | 095 до 097 | |
| 15 | Долгорочни пласмани | 03, 04, 163, 164, 166, 167, 172 и 173 | |
| 16 | Краткорочни пласмани | 15, 162, 165 и 171 | |
| 17 | Разграничени курсни разлики по основ на задолжувања во странска валута за основни средства | дел од 193 минус дел од 293 | |
| 18 | Залихи на суровини и на материјали, на ситен инвентар и на амбалажа | 31, 35 и 36 | |
| 19 | Производство и залихи на производи и стоки | 60, 63 и 66 | |
| 20 | Вкупно (ред.бр. 8 до 19) | | |
| 21 | Остаток на изворите на средства (реден број 8 минус реден број 20) | | |
| 22 | Износ на амортизацијата за текуштата година | | |
| 23 | Износ на пласманите што втасуваат за наплата | | |
| 24 | Вкупно (ред. бр. 21 до 23) | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 25 | Обврски што втасуваат во текуштата година: | | |
| | — за инвестиции во основни средства | | |
| | — за долгорочни пласмани | | |
| | — за краткорочни пласмани | | |
| | — за отплата на долгорочни и на краткорочни кредити | | |
| | Вкупно (реден број 25) | | |
| 26 | Износ до кој можат да се даваат овластувања за давање гаранции (реден број 21 минус реден број 22) | | |

Раководител на книговодството, Директор,

**Забелешка:**

1) корисниците на општествени средства од точка 9 став 1 под 2 на Одлуката го искажуваат на ред. број 23 од Образецот ИО и износот на средствата за инвестиции по претсметката за периодот од денот на утврдувањето на расположивите средства за инвестиции до крајот на годината од приходите утврдени со закон;

2) на ред. број 25 алинеја прва од Образецот ИО се искажуваат обврските за инвестиции во основни средства што се намируваат од средствата искажани на ред. број 24 на тој образец."

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 86
18 март 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

**184.**

Врз основа на член 30 ст. 1, 4 и 5 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита и сојузниот секретар за внатрешни работи, директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕТО И ЕКСПЛОАТАЦИЈАТА НА НАФТА, ЗЕМНИ ГАСОВИ И СЛОЈНИ ВОДИ

Член 1

Во Правилникот за техничките нормативи при истражувањето и експлоатацијата на нафта, земни гасови и слојни води („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/79 и 41/81) во член 15 ставот 3 се менува и гласи:

„Горната работна платформа на кулата мора да има врата која се отвора нанадвор и која мора да биде изработена така што работниците, во случај на потреба да можат по надворешната страна на кулата лесно и сигурно да се спуштат од неа на земја, служејќи се при тоа со јаже, скали или со драг за спуштање."

Член 2

Во член 16 ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„На горната работна платформа на кулата мора да постои постојано засолниште кое ги штити работниците од временски непогоди.

На постројката за освојување и испитување на дупнатини која има кула, работното место на ракувачот со постројката мора да биде заштитено од временски непогоди."

Член 3

Во член 21 став 2 во претпоследниот ред зборовите: „дел на кулата" се заменуваат со зборовите: „дел на цевководот".

Член 4

Во член 31 ставот 2 се менува и гласи:

„Секоја следна колона на заштитни цевки мора да биде вградена до определена длабочина и цементирана до височината која одговара на намената на заштитните цевки и на особините на слоевите."

Член 5

Во член 32 став 1 зборовите: „познати и" се бришат.

Член 6

Во член 33 зборовите: „уводниот, односно последниот дел од колоната" се заменуваат со зборовите: „уводната, односно последната колона".

Член 7

Член 34 се менува и гласи:

„Заради заштита од неконтролирана ерупција постројката за дупчење мора да има соодветен уред за затворање на справите (алатот) за дупчење."

Член 8

Во член 38 броевите: „28 и 30" се заменуваат со броевите: „24, 25 и 26".

Член 9

Во член 39 став 1 бројот: „3" се брише, а бројот: „4" се заменува со бројот: „3".

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-1979/1
9 февруари 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ,** с. р.

---

**185.**

Врз основа на член 129 точка 8 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/78), Собранието на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ НАМЕНЕТИ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА УЖИВАТЕЛИТЕ НА ПЕНЗИЈА ВО 1982 ГОДИНА

1. На уживателот на старосна, инвалидска или семејна пензија на кој пензијата му се исплатува врз товар на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници, ќе му се исплати надомест за закрепнување во 1982 година во износ од 1.500 динари.

2. На уживателот на старосна, инвалидска или семејна пензија кој во 1982 година бил вработен или вршел професионална дејност, односно самостојна дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, не му припаѓа надоместот од точка 1 на оваа одлука.

3. Ако семејната пензија ја користат двајца или повеќе соуживатели, надоместот од точка 1 на оваа одлука ќе се исплати во еден износ.

4. Износот на надоместот утврден во точка 1 на оваа одлука се исплатува во еден износ и втасува за исплата со пензијата за април 1982 година. Исплатата на надоместот според оваа одлука ќе ја изврши Службата за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници по службена должност.

5. Надоместот од точка 1 на оваа одлука ќе се исплати од средствата издвоени и наменети за закрепнување на уживателите на пензија.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 11-1
17 март 1982 година
Белград

**Собрание на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
**Мирко Нововиќ,** с. р.

---

**186.**

Врз основа на член 24 од Законот за додатокот на деца и за други форми на детска заштита на децата на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), во согласност со сојузниот секретар за народна одбрана, Собранието на Заедницата за социјално осигурување на воените осигураници донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗНОСОТ НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ

1. На воениот осигуреник што ги исполнува условите за стекнување на правото на додаток на деца пропишани со Законот за додатокот на деца и за други форми детска заштита на децата на воените осигуреници, му припаѓа додаток на деца, и тоа:

а) за дете до наполнети шест години живот — во износ од 500 динари месечно;

б) за дете од наполнети шест до наполнети 15 години живот, за дете на редовно школување во осумгодишно училиште до крајот на училишната година во која наполнува 15 години живот, како и за дете што наполнило преку 15 години живот, ако е на редовно школување во училиште за средно насочено образование или во друго средно училиште — во износ од 650 динари месечно;

в) за дете на редовно школување во виша школа или на факултет или на друга висока школа, како и за дете наполно неспособно за стопанисување — во износ од 800 динари месечно.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за износот на додатокот на деца на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/81).

3. Оваа одлука се применува од 1 април 1982 година.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 12-1
17 март 1982 година
Белград

**Собрание на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
**Мирко Нововиќ,** с. р.

187.

Врз основа на член 65 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ“, бр. 49/76 и 41/81) и член 3 став 2 од Уредбата за контниот план и за билансите за банките („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/77 и 26/78), а по претходно прибавено мислење од Здружението на банките на Југославија, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА АНАЛИТИЧКИТЕ СМЕТКИ ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА БАНКИТЕ

1. Во Одлуката за аналитичките сметки во Контниот план за банките („Службен лист на СФРЈ“, бр. 36/77, 57/78, 29/80, 21/81 и 33/81), во Планот за аналитичките сметки во Контниот план за банките, кој претставува составен дел на таа одлука, се вршат следните дополненија:

1) во точка 11а пред аналитичката сметка 1306 се додават нови аналитички сметки 1300, 1301, 1302 и 1303, кои гласат:

„1300 — Примени чекови по девизно работење;

1301 — Примени чекови по краткорочно работење;

1302 — Примени чекови по долгорочно работење;

1303 — Примени чекови по станбено-комунално работење“;

2) во точка 21б пред аналитичката сметка 2381 се додава нова аналитичка сметка 2380, која гласи:

„2380 — Дадени интерни налози за пресметка помеѓу ОЗТ преку интерната банка“.

По аналитичката сметка 2381 се додава нова аналитичка сметка 2389, која гласи:

„2389 — Дадени други инструменти на плаќање“;

3) по точка 115 се додава нова точка 115а, која гласи:

„115а) сметка 740 — Орочени депозити во девизи на ОЗТ од стопанска дејност

7400 — Девизни депозити на претпријатија и погони во странство на ОЗТ од стопанска дејност од примени аванси за изведување на инвестициони работи во странство и за извоз на опрема;

7409 — Други орочени депозити во девизи на ОЗТ од стопанска дејност“;

4) по точка 118 се додава нова точка 118а, која гласи:

„118а) сметка 760 — Долгорочни депозити во девизи на ОЗТ од стопанска дејност;

7600 — Долгорочни депозити на претпријатија и погони во странство на ОЗТ од стопанска дејност од примени аванси за изведување на инвестициони работи во странство и за извоз на опрема;

7609 — Други депозити во девизи на ОЗТ од стопанска дејност“.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

О. бр. 9
1 март 1982 година
Белград

За претседателот на Советот на гувернерите
заменик на гувернерот на Народната банка на Југославија,
**Миодраг Вељковиќ,** с. р.

# УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА БЕНИН И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА БЕНИН

I

Се отповикува

Ласло Бала од должноста на извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Народна Република Бенин, со седиште во Акра.

II

Се назначува

д-р Миран Мејак, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Федеративна Република Нигерија, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Народна Република Бенин, со седиште во Лагос.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 8
3 март 1932 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Sergej Kraigher,** с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

— врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за особени заслуги стечени во борбата против непријателот за ослободување на нашата земја и за заслуги на организирањето и зацврстувањето на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

полковник Плеше Ивана Иван;

потполковници: Глигиќ Јована Драган, Миљевиќ Стјепана Милан;

— за особени заслуги на делото на ширење на братството и единството меѓу нашите народи и народности во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на народите и народностите

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

полковник Животић Светозара Бранимир;

потполковници: Ђупурдија Раде Бранко, Крижњак Јураја Стјепан;

мајор Ловре Милоша Мирко;

— за особени заслуги во изградбата и јакнењето на вооружените сили и за особени успеси во раководењето со единиците на Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

полковници: Алинчић Боже Милан, Бојанић Ђурана Душан, Дилпарић Алексе Драган, Дворшак Франца Антон, Граф Оскара Павле, Кнежевић Будимира Јован, Кодрња Вјекослава Драган, Подобник Алберта Иван, Радовановић Обрена Михајло, Симовски Ристе Бранко, Шуњара Вице Винко, Винчић Михаела Стеван;

потполковници: Алексић Петра Александар, Благојевић Глише Милорад, Ђурић Милинка Предислав, Јанковић Николе Јосип, Јанковић Драгутина Јован, Кеча Николе Раде, Крстић Стојана Цветко, Меглић Мије Милан, Милишић Ивана Анте, Николић Тихомира Драгомир, Пејић Милорада Александар, Пековић Радојице Радомир, Петковић Илије Драгољуб, Плеше Ивана Влатко, Радуновић Милића Светислав, Репац Раде Стево, Стојановић Игњаца Драгутин, Тонковић Мартина Иван, Тошић Младена Марко, Влаисављевић Миле Ђуро;

мајор Јаковљевић Цвије Перо;

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

потполковници: Антонић Гавре Бранислав, Церић Малића Реуф, Пургарић Амалија Божидар, Зечевић Андрије Милан, Жикић Павла Видоје;

мајори: Чебин Јожета Јоже, Динић Мирка Боривоје, Дивјак Раде Растко, Гомилановић Василија Радојица, Илић Цветка Станимир, Јаклин Бенедикта Мијо, Јанковић Младена Борислав, Кајтез Николе Никола, Класић Алојза Иван, Миљевић Адолфа Александар, Николић Тихомира Видојко, Пауновић Добривоја Живорад, Салихоџић Салиха Сафет, Сантини Андре Федор;

капетани I класа: Алексић Тијодора Радисав, Амбринац Мартина Звонимир, Аралица Милутина Милан, Бабић Светозара Слободан, Базовић Милована Велибор, Блануша Стеве Ђуро, Блат Данијела Владимир, Бореновић Ђурђа Љупко, Бркић Ивана Петар, Цвејић Светолика Миленко, Цвијовић Радоја Раденко, Ђуић Ђуре Боро, Чередар Марка Стјепан, Чоловић Раде Будимир, Димитријевић Драгослава Радомир, Димитријевић Драгослава Тихомир, Ђукић Димитрија Коста, Драгичевић Иве Франо, Ерцеговац Јове Бора, Голић Душана Милован, Грозница Лазе Лука, Јамбрешић Стјепана Дражен, Куленовић Расима Енес, Маргетић Светка Златко, Мазалица Михаила Васо, Милановић Љубише Бранислав, Николић Бранислава Негосав, Панић Адама Марјан, Патковић Мирка Ђорђе, Павловић Мирослава Мирослав, Пејчић Голуба Божидар, Подобник Валентина Антун, Радмановић Илије Стојан, Рајшић Дане Јован, Родић Ђуре Јордан, Стоименов Зарета Стоимен, Стрмечки Изидора Иван, Шваљек Људевита Јосип, Шушњар Душана Милан, Тополовец Андрије Жељко, Трстењак Ивана Валент, Вејновић Илије Драгомир, Видановић Петра Миливоје, Видановић Саве Борислав, Видмар Петра Звонко, Живановић Лазара Здравко;

капетани: Човић Петра Петар, Хорват Валентина Здравко, Муховић Шећа Исмет, Панић Владимира Душан, Радаковић Стевана Мирко, Шарић Шиме Јосе;

поручници: Иванковић Бошка Воислав, Јокнић Ивана Велибор;

заставници I класа: Бачевић Хранислава Голуб, Дејановић Душана Милан, Глигоријевић Влајка Тодор, Јовић Алексе Момир, Јовић Бранка Василије, Кениг Алојза Иван, Лазић Стевана Миливоје, Маренић Шимуна Ивица, Мартиновић Нинка Раде, Матовић Милована Миладин, Милановић Ивана Александар, Мрковић Николе Дујо, Недић Чедомира Милоје, Павловић Миладина Ђуро, Пили Карла Милан, Поповић Димитрија Петар, Пуцар Стеве Вељко, Радојчић Срђана Бранко, Радојевић Марка Миројс, Радосављевић Радоја Радомир, Радовић Љубе Видоје, Роговић Цветка Голубан, Сеферовић Далипа Мустафа, Трајковски Ристе Глигор, Вељко Јове Милош, Жегарац Нинка Милан, Живковић Милића Душан, Жужек Алојза Мирко;

заставници: Алексић Живојина Алекса, Амбруш Алојза Штефан, Бабанић Драгослава Радомир, Белић Стевана Вељко, Богојевић Николе Павле, Божовић Радула Веселин, Чокеша Васе Бранко, Делалија Пере Пера, Ђорђевић Маринка Милован, Флак Јосипа Рајко, Галић Ђурђа Витомир, Голубовић Часлава Станислав, Хасељић Ахмета Садик, Ивановић Марка Драгољуб, Јанковић Јована Стеван, Јопић Војислава Александар, Јовандић Митра Раде, Јупаци Ивана Имбро, Кашиковић Николе Слободан, Конатаревић Алексе Миле, Костић Јована Радомир, Кршљак Миље Милош, Латковић Јанка Јанко, Милачић Вука Комнен, Миљевић Јове Милан, Милојевић Јове Јанко, Милојевић Живојина Слободан, Мишић Војислава Владимир, Митровић Миладина Томислав, Мраовић Милутина Јово, Николић Боривоја Властимир, Нојковић Милана Александар, Новаковић Јове Марко, Остојић Радована Слободан, Радуловић Петра Шпиро, Савић Драгутина Витомир, Селаковић Живојина Здравко, Смок Јураја Стјепан, Сертић Владе Владо, Спремо Митра Млађен, Станковић Стојана Ратко, Станковић Воислава Трифун, Стојичић Стевана Момир, Стојић Рудолфа Шимун, Стоиљковић Тодора Добривоје, Субашић Мустафе Нурко, Тонковић Ивана Андрија, Варат Стјепана Петар, Васиљ Филипа Драго, Величковић Крсте Томислав, Вокић Миле Драго, Врдољак Петра Иван, Вујић Јанка Миле, Загорац Јове Милован, Живковић Мирка Душан;

постари водници I класа: Цветковић Милана Војислав, Лешевић Љубивоја Миломир, Лучић Крсте Анте, Лудашки Мише Пера, Марић Братимира Радмило, Мартиновић Николе Никола, Мићић Радмила Милосав, Миловановић Владе Мирољуб, Питулић Радована Миодраг, Ранђеловић Живојина Часлав, Даниловић Остоје Алекса, Ранђић Радомира Милоје, Растовац Остоје Боро, Страјина Милоша Милош, Вујић Матије Марко, Зец Бранка Драгољуб, Жежељ Марка Љубомир;

воени службеници IV класа: Бошковић Симе Ружица, Овничевић Милана Душанка, Пребег Ивана Јосип;

воен службеник VIII класа: Бажадона Станка Маца;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

полковници: Ковачевић Јеле Петар, Перјац Миливоја Миливој, Роић Јураја Данило;
потполковници: Јакшић Маће Стево, Когелник Михаела Антон-Звонко, Војводић Миле Душан;
капетан I класа: Машановић Крсте Блажа;
заставник I класа: Сирочић Мије Блаж;

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

капетан I класа Флак Јосипа Борис;
заставници I класа: Цветичанин Птра Милан, Липовац Марка Радивој, Турк Антона Иван;
воен службник VI класа Јуратек Ивана Крешимир;
граѓански лица на служба во ЈНА: Гендић Љубомира Миле; Мусаефендић Османа Ибрахим;

— за примерни заслуги и умешност во работата на развивањето на постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат, како и создавање услови за постигање на исклучително добри успеси во своите единици и установи

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

